Хоризонти
микрокредитирање

# ПОЗАЈМУВАЈТЕ ПАМЕТНО!




## ВОДИЧ ЗА ПАМЕТНО ПОЗАЈМУВАЊЕ

MICROFINANCE CENTRE

Дел од интернационална едукативна кампања водена од Центарот за Микрофинансии (MFC)

## Колку можам да си дозволам да позајмам ?

1. Научете точно да ги пресметате Вашите месечни заштеди

☛ Заштедите се разликата меѓу Вашиот приход и Вашите трошоци

☛ Вклучете го приходот за кој сте сигурни дека ќе го добиете

☛ Обидете се да водите евиденција на сите месечни трошоци

✋ Не заборавајте на еднократните и сезонски фамилијарни или лични трошоци

2. Бидете искрени со себе

✋ Не прикажувајте поголеми и нереални приходи, бидете реални за трошоците

☛ Намалете ги приходите и покачете ги трошоците

3. Месечните рати за кредит не треба да се повисоки од 70% од вашите месечни заштеди

*На пример: Ако Приходот = 10.000 ден. и Трошоците се 8.000 ден., тогаш Заштедата = 2.000 ден.*
*Месечната отплатна рата =1.400 ден. максимум*

4. Земете кредит во истата валута како Вашиот приход. Кредитот со странска валута може да има помала камата, но има ризик со девизниот курс. Затоа, ако не добивате приход во валута во која сте земале кредит може да завршите со плаќање на поголеми рати отколку што мислевте кога го потпишавте договорот, поради промените во девизниот курс во меѓувреме.

5. Хоризонти ќе го процени вашиот капацитет за отплата. Ова значи дека ние може да ви понудиме помал износ на кредит или да ја одбиеме вашата апликација. Како одговорни позајмувачи, должни сме да не дозволиме вашиот долг да го надмине критичното ниво.



## Како да пресметате колку навистина можете да плаќате

| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | | | | | | | | | | | | |
| 1. Запишете ги вашите редовни примања | Домашни приходи | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 24.000 |
| 2. Кои други приходи ги добивате во текот на годината, но не на месечна основа | Приходи од партнерот | | | | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | | | | | |
| 3. Бидете конзервативни - не ги вклучувајте бонусите на кои се надевате како приход | Субвенции од државата | | | | 8.000 | | | | | | | | |
| | Регрес за годишен одмор | | | | | | | | | | | | |
| | **ТРОШОЦИ** | | | | | | | | | | | | |
| 4. Колку трошите за кирија, струја, греење, вода, телефон, ТВ и итн. | Кирија и сметки во домаќинството | 3.000 | 3.000 | 3.000 | 3.000 | 3.000 | 3.000 | 3.000 | 3.000 | 3.000 | 3.000 | 3.000 | 3.000 |
| 5. Колку трошите за храна , просечно месечно | Храна | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 | 12.000 |
| 6. Вклучете ги семејните настани, слави, празници и одмори | Одмор и семејни настани | | | 6.000 | | 5.000 | | 5.000 | | | | | 15.000 |
| 7. Направете реална проценка на другите трошоци - тоа е секогаш повеќе отколку што мислите | Трошоци за школување | | | | | | | | | 5.000 | | | |
| | Други трошоци на пр. патувања, облека и други дискрециони ставки | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 2.500 |
| | **ЗАШТЕДИ (ПРИХОДИ–ТРОШОЦИ)** | 6.500 | 6.500 | 500 | 19.500 | 6.500 | 11.500 | 6.500 | 6.50 0 | 1.500 | 6.500 | 6.500 | -8.500 |

# Дали знам колку ќе плаќам?

☛ Научете како да споредувате различни понуди за да направите информиран и проверен избор.

| | Компанија "Среќен кредит" | Компанија "Брзи пари" |
|---|---|---|
| Износ на кредит | 1.000 | 900 |
| Период на отплата (план на месечни отплати) | 12 месеци | 14 месеци |
| Месечна рата (отплата) | 100 | 84 |
| Вкупен износ на месечни рати | 100 x 12месеци = 1.200 | 84 x 14месеци = 1.176 |
| Дополнително плаќање на позајмувачот покрај главницата (камата) | 1.200 – 1.000 = 200 | 1.176 – 9.00 = 276 |
| Административни трошоци/провизија/надоместоци | 15 | 20 |
| Вкупни трошоци на кредитот (износ над позајмениот кредит) | 200 + 15 = 215 | 276 + 20 = 296 |
| Трошоци на кредитот изразено во % | (215/1.000) = 21.5% | (296/900) = 32.9% |

**Позајмувач 1** ви нуди кредит од 1.000 евра на 12 месеци. Кредитот треба да се отплаќа на месечни рати од 100 евра. Кредитот има провизија за трошоци околу договорот од 15 евра.

**Позајмувач 2** ви нуди кредит од 900 евра на 12 месеци. Кредитот треба да се отплаќа на месечни рати од 84 евра. Кредитот има провизија за предвремена отплата / дополнителен трошок од 20 евра.

Кој кредит е поевтин?



- Пониските месечни рати не се секогаш поевтини: Компанијата “Брзи пари” е поскапа иако нуди пониски месечни рати.
- Запомнете, пониските каматни стапки не ви гарантираат поевтин кредит – осигурајте се дека при сметањето на вашите месечни рати сте ги вклучиле сите трошоци, а не само каматите.
- Кредитите со 0% каматна стапка се многу ретки и најчесто имаат други трошоци (пр. кредитно осигурување, оперативни трошоци и друго) - секогаш ќе платите повеќе отколку што позајмувате.
- Хоризонти како и сите членови на MFC , ги открива сите трошоци, вклучувајќи ги и трошоците околу договорот и казни, но не сите кредитори го прават тоа.
- Согласно законските прописи во Македонија, давателите на кредити ви ја презентираат СВТ (стапка на вкупни трошоци) за да Ви се помогне да направите споредба на вкупните трошоци на кредитот.

## Дали го разбирам договорот во целост?

Секогаш читајте го договорот од почеток до крај - секоја точка од договорот е важна, дури и тие со мали букви.

- Разберете ги сите трошоци, казни, временски ограничувања и начини на плаќање
- Прашајте го вашиот Кредитен референт за помош при разјаснувањето на секоја точка.
- Бидете претпазливи со агресивните позајмувачи - размислете добро и разгледајте различни опции и понуди - не избрзувајте со потпишување на нешто што не го разбирате во целост.




**10 Прашања што треба да си ги одговорите пред да потпишете:**

1. Колкава е каматната стапка?
2. Дали има и дополнителни трошоци? Какви и колкави се?
3. Колкав е периодот за отплата? Колку и кога ќе треба да плаќам секој месец?
4. Како ќе плаќам?
5. Кога точно ќе ги добијам парите од кредитот?
6. Дали има грејс период во отплатата? Кои се условите?
7. Кои се казните за задоцнето плаќање? Проверете ги сите одредби за задоцнета отплата. Дали има ограничување во максималниот износ на казнена камата?
8. Што треба да направам ако имам ненадеен проблем со плаќањето на време? Дали Хоризонти нуди репрограмирање?
9. Дали може предвремено да го вратам кредитот? Дали има некакви дополнителни трошоци?
10. Што ќе се случи ако пропуштам плаќање на една или повеќе рати?



# Што треба да направам доколку не сум задоволен?

- Запомнете: имате право на жалба - искористете ја. Хоризонти секогаш ги прифаќа вашите мислења и реакции. Ве молиме, известете не за што не сте задоволни и за Вашите препораки за подобрување на нашите услуги.
- Пред да го потпишете договорот за кредит, бидете сигурни дека знаете како може да поднесете жалба, доколку е потребно.





- Бидете сигурни дека го знаете процесот, до кого и како ќе испратите жалба и кога треба да очекувате одговор.
- За жалби или сугестии до Хоризонти, Ве молиме контактирајте со некој вработен од Хоризонти (лично, email, или телефонски)
- Ние го цениме вашето мислење - Ве молиме помогнете ни да обезбедиме подобра услуга.

# Контролирајте го Вашиот долг – не дозволувајте долгот да Ве контролира Вас!

1. Преголемо задолжување може да доведе до проблеми со отплата. Позајмувајте само онолку колку што можете без проблеми да отплаќате и бидете 100% сигурни дека ги знаете трошоците.

2. Избегнувајте истовремено повеќе кредити: со неколку кредити сте изложени на поголем ризик од презадолженост. Избегнувајте пребивање на еден кредит со друг.

3. Земете кредит за паметни и корисни инвестиции, избегнувајте земање кредити за работи што ги сакате, но не ви требаат.




Паметно задолжување се прави преку земање кредити за:

- Купување на имот - плаќање на рати од кредитот за имот кој на крај ќе го поседувате, наместо да плаќате закупнина
- Поставете свој бизнис – на тој начин ја градите иднината за постојани приходи кои ќе растат
- Образование за Вас и Вашите деца – квалификуваноста секогаш носи поголеми приходи
- Реновирање на домот – пр. енергетско ефикасни инвестиции за заштеда на електрична енергија или вода

Опасни начини на покривање на долговите со земање кредит можат да бидат:

- Отплаќање на други кредити
- Патувања и луксузни предмети
- Забави и подароци

За да си ги дозволите последно наведените, пожелно е да почекате да заштедите пари, наместо да земете кредит.

4. Внимавајте на вашата кредитна историја, записите во вашето досие остануваат засекогаш.
   - Кредитните бироа ги имаат запишано податоците за проблемите со отплаќање кај луѓето, па и други финансиски институции можат да проверат пред да одлучат да Ви одобрат кредит.
   - Информациите не можат да бидат отстранети, па погрижете се да имате чисто досие како сигурен плаќач на кредитот
   - Не прифаќајте да земате кредит за друго лице, па дури ни за близок пријател или член од фамилијата
   - Ако отплаќате во готово, секогаш земајте ја сметката. Не давајте пари за рата на Кредитните референти без да добиете сметка

5. Бидете внимателни кога сте гарант за кредит за некој друг
   - Не прифаќајте да гарантирате за кредит на човек кој нема стабилни примања
   - Разберете колку ќе плаќате за отплата на кредитот ако човекот за кој сте гарантирале не го прави тоа
   - Секогаш пред да потпишете проверете ја сумата за која Вие гарантирате дали е иста со сумата за која сте се договориле да гарантирате

6. Разговарајте со Хоризонти и Кредитниот референт кога ќе забележите некаква неволја – Ние сме тука за да помогнеме

# Партнери

# Контакт

**Микрокредитна фондација Хоризонти**

**Адреса: Рампо Левката бр.14,**
**1000 Скопје, Р. Македонија**

**tel. + 389 2 3093 371; fax +389 2 3093 376**

**email: info@horizonti.org.mk**

**website: www.horizonti.org.mk**

Дел од интернационална едукативна кампања водена од Центарот за Микрофинансии (MFC)

MICROFINANCE CENTRE

**www.horizonti.org.mk/wiseborrowing**